*CENTER FOR ECONOMIC ANALYSES (CEA)*
*Skopje, Macedonia*

# Рамка на јавни политики

## Бенефити и трошоци од странските директни инвестиции во технолошко индустриските развојни зони

## Случај: Македонија за периодот 2007-2014 година

# Центар за економски анализи – ЦЕА

Скопје
Јануари, 2016

## 1. Визија

Унапредување на политиките за привлекување на странски директни инвестиции (СДИ) во технолошко-индустриските развојни зони (ТИРЗ) за поголема оддржливост на инвестициите на долг рок, поголеми економски бенефити и зголемена конкуренција и компатибилност со политиките за унапредување на домашните инвестиции.

**Цели и резултати:**

- Значајно зголемување на додадена вредност од СДИ во ТИРЗ за забрзување на економскиот развој, развој на нови технологии и нивна примена во националната економија, зголемување на конкурентноста и зголемување на вработувањето
- Унапредување на политиките за привлекување на СДИ кои се фокусираат на реформи во насока на зголемување на домашно додадената вредност преку структурни реформи за зајакнување на образованието и вештини, како и обезбедување на подобра инфраструктура.
- Усогласување и компатибилност со индустриски и зелени зони за да обезбедат деловни врски и интегрирање на субјектите од ТИРЗ со домашната економија.
- Транспарентност и отчетност за ефектите од државната помош за привлекување и одржување на СДИ во согласност со европската регулатива и препораките на националните надзорни тела.

## 2. Анализа:

1. Нетранспарентност и недостаток на податоци и информации за висината на трошоците за субвенционирање на СДИ, и неусогласеност со европската регулатива за транспарентност на државната помош;
2. Ненавремено известување на инвеститорите, недостаток на критериуми за избор и склучување на договор со СДИ, нецелосно планирање на средства во буџетот на РМ но, и недостаток од мониторинг и евалуација од постигнатите ефекти;
3. Бруто додадената вредност на компаниите во ТИРЗ се со одложен временски ефекти досега позитивен ефект имаат три од седум компании;
4. Државната помош доделена на корисниците во ТИРЗ е со значително финансиско влијание врз одлуката да инвестираат во Македонија, а оддржливоста на инвестициите на подолг рок и по завршување на периодот на даночни ослободување е спорна. Заминувањето по истекот на периодот на добивање на субвенции по десеттата година би резултирал со одлевање на капитал, отпуштање на вработени, и потреба од барање на други инвеститори во ТИРЗ.
5. Компаниите корисници во ТИРЗ, за финансирање на средствата со значително поголем дел се финансираат преку обврски со поврзани стани (мајки компании), а во помала мера преку зголемување на капиталот, со што компаниите во ТИРЗ плаќаат трошоци за камати, рефлектирани во намалена добивката, намалена распределба на добивката и потенцијално помал данок на добивка за распределена добивка.

6. Просечните нето исплатените плати на вработените во компаниите во просек се на ниво на национален просек, но тоа не е случај за поголемиот број на компании, па континуираното промовирање на евтина работна сила, а едновремено и на политика за привлекување на развиени технологии не се одразува во цената на работната сила, што го оспорува ефектот на пренесување на знаења и прелевања на знаења во другите компании од секторот.
7. Потенцијалниот бенефит за позитивни екстерналии како прелевање на знаење е очекувано но соочено со предизвици имајќи во предвид дека секторите кои се генератор на нови знаења како и пренос или прелевање на знаење: истражување и развој, маркетинг, продажба, се задржани кај мајките компании или регионалните центри, што го ограничува факторот прелевање на знаење како аргумент за привлекување на СДИ во РМ.

Па оттука потребно е политиките за привлекување на СДИ да се фокусираат на издржана стратегија, мерење на перформансите со индикатори кои ги рефлектираат целите на политиките.

**Мапирање на клучните засегнати страни**




**Напредокот на политиките ќе се мери прво преку идентификување. мерење и обзнанување на индикаторите за перформансите како резултат на доделената помош на СДИ.**

## 3. ПЕСТЛЕ Анализа

**Политичко влијание** - националната и регионалната политичка стабилност има клучно влијание врз привлекувањето но, и врз одржливоста на инвестициите посебно кога политиките на државите во регионот овозможуваат "слични" мерки и политики насочени кон привлекување на СДИ; промени во фискалната политика како и даночната политика ќе имаат ефект врз привлекувањето како и задржувањето на инвестициите во државата.

**Економско влијание** – глобалниот економски раст и развој има влијание врз унапредување на ефектите од СДИ бидејќи главните пазари за производите на корисниците на ТИРЗ се странските пазари, а истовремено и за набавка на инпути; високата стапка на невработеност во државата наспроти потребата за квалификувана работна сила за специфични производни процеси може да ги соочи корисниците со зголемени трошоци за работна сила;

**Социјално влијание –** СДИ имаат влијание врз зголемување на вработеноста чиј поголем импакт се очекува во следниот период;

**Технолошко влијание** – "новите" сектори и дејности со доаѓање на СДИ овозможуваат потенцијален трансфер на нови технологии преку новите инвестиции врз други инвеститори но и кај локалните бизниси/добавувачи;

**Правно влијание** – усогласување со правната регулатива за транспарентност на државна помош со европската регулатива;

**Влијание врз животната средина** – ТИРЗ се надвор од средините на живеење што има поволно влијание врз граѓаните; привлекувањето на инвеститори е/треба да биде фокусирано кон незагадувачките и високо технолошки развиени процеси кои не се или се лесни загадувачи; дополнителни промени во регулативата која се однесува и е поврзана со заштита на животната средина и унапредување на стандардите ќе има влијание врз корисниците на ТИРЗ.

## 4. Гледање напред

Сценарија и Ризици

**Посакувано сценарио:**

- Дефинирани индикатори за селекција и евалуација за мерење на перформансите на СДИ и од економски и финансиски аспект
- Транспарентен преглед за доделена помош на СДИ во согласност со ЕУ регулатива и имплементирање на препораките од надзорни тела
- Екс анте и екс пост анализа на перформансите на СДИ во однос на доделена помош
- Унапредени политики и мерки за интегрирање на функционирањето на зелените индустриски зони во согласност до ТИРЗ за поефикасно функционирање на политиките за поддршка на домашните и странските инвестиции
- Структурни промени во начинот на привлекување на СДИ за да се воспостави одржливост на инвестициите

За остварување на посакуваното сценарио постојат следните Ризици

**Ризици**:

| Влијание | | | Политички |
|---|---|---|---|
| | | Финансиски | |
| | | Комуникациски | Административен |
| веројатност | | | |

**Политички ризик** – степен: висок. Промена на политика на државата за поддршка и оддржливост на СДИ во ТИРЗ како и политичката стабилност е еден од клучните фактори за привлекување и за оддржливост на странските инвестиции во државата; регионалните политички фактори имаат влијание врз ефектите врз домашните политики.

**Финансиски ризик** – степен: среден. Ризик од неодржливост на финансиската поддршка на СДИ преку државна помош и субвенционирање и ефектите врз јавните трошења

**Комуникациски ризик** - степен: низок. Ризик на неостварување на ефективна комуникација помеѓу носителите на политики, имплеметаторите на политиките и администрацијата како и корисниците на ТИРЗ.

**Административен ризик** – степен: среден: ризик од административен капацитет за следење и евалуација на ефектите од поддршката на корисниците на ТИРЗ.

## 5. Влијаење

Опција за постигнување на саканиот исход/резултат опишан како посакувано сценарио, неговата, ефективност, конзистентност, трошок и реализација се поврзани и со ризици во опкружување со надворешни влијанија.

За остварување на влијание врз клучните носители на одлуки потребно е користење на алатки за застапување и лобирање започнувајќи од: презентирање на наоди и препораки, давање на преглед на ресурсите потребни за промената, директна комуникација со носителите на одлуките и со креаторите на политиките. Вклучувањето на носителите на одлуките и на креаторите на политиките е клучно во процесот на оценка на политиките за поддршка и привлекување на СДИ. Корисниците на ТИРЗ дополнително преку вклучување во активности кои ќе овозможат поголема транспарентност и комуникација со јавноста и со локалните бизниси со цел да се овозможи поголем трансфер на знаење како во форма на успешни примери. Останатите чинители кои се "одговорни" за управување со распределбата на државната помош како и мониторинг на резултатите потребно е да воспостават јасно дефинирани индикатори за селекција и евалуација за мерење на перформансите на СДИ и од економски и финансиски аспект и истите транспарентно да ги дискутираат.

## 6. Правење промена: како да се осигуриме дека предложените јавни политики функционираат?

Начините на кои можеме да влијаеме на чинителите од кои зависи политиката е преку размена на информации за политиките и стратегијата за странки инвестиции, мерење на перформансите и нивото на постигање на посакуваните цели, преку подготовка на полиси брифови, средби со креаторите на политиките и воспоставување на двострана комуникација. Отворањето на дебата за прашањето на ефектите од СДИ е еден од првите чекори кои се потребни за следење на политиките.

## 7. Оценка и учење: Како изгледа успехот? Како можеме да ги искористиме лекциите кои сме ги научиле?

Потребни се позитивни долгорочни стратегии кои овозможуваат одржливи инвестиции кои се усогласени до политиките за поддршка на домашните инвестиции и со поголеми економски бенефити, како и компатибилност со политиките за унапредување на домашните инвестиции каде напредокот на политиките ќе се мери преку јасни и мерливи индикаторите за перформансите како резултат на доделената помош на СДИ,. Па оттука, имплементирањето на препораките од истражувањето, негово продлабочување, имплементирање на препораките на ДЗР, усогласување со поддршката на домашните инвеститори, треба да се следи со цел да се утврди успехот на дадената политика за поддршка на странските инвестиции, со промени насочени кон задржување на инвеститорите и по десетгодишниот период на добивање на значајни субвенции. Наодите од анализата укажаа на потреби за:

- Унапредена транспарентност за доделена помош на СДИ
- Имплементирање на препораките од надзорни тела
- Екс анте и екс пост анализа на перформансите на СДИ
- Интегрирање на функционирањето на зелените индустриски зони
- Структурни промени во начинот на привлекување на СДИ со фокус на давањето на услуги на корисниците